Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ("Службен весник на Република Македонија бр.5/2022) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15 од 27.12.2013, 2/2019 и 1/21 година), Советот на Општина Делчево на 18.та седница одржана на ден 26.01.2023 година , донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница со период на имплементација од 2023 година до 2026 година

1.Се усвојува Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница со период на имплементација од 2023 година до 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево

Број 09-164/1
26.01.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ЗАЕДНИЧКИ ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО И РОМСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 2023 ГОДИНА ДО 2026 ГОДИНА

**Ноември,2022 година**

## 1. ВОВЕД,профил и идентификација на ромската етничка заедница која живее на територијата на Општина Делчево

Целта на РОМАКТЕД Програмата е да им помогне на локалните власти во подобрување на животот на локалните граѓани Роми преку градење на капацитети и ефективно учество на релевантните засегнати страни во локалните планови и проекти.

Програмата е финансирана од Генералниот директорат за добрососедство и проширување (DG NEAR) и спроведена од тимот на Ромите и патувачи на Советот на Европа и Програмската канцеларија на Советот на Европа во Северна Македонија. Главен партнер во спроведување на проектот е Институтот за истражување на политики и анализи РОМАЛИТИКО. Покрај тоа наши партнери се и Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Општините.

Програмата ROMACTED произлегува од искуството стекнато со реализација на програмите ROMED и ROMACT. Таа се фокусира на прилагодување на овие две методологии и активности на секој корисник и избрана локација со цел да се приспособи на политиките, динамиката и реалноста на секоја општина, со што постојните политики и практики ќе бидат поефикасни и поинклузивни.

Делувањето на локално ниво е од клучно значење за ефикасно спроведување на политиките и програмите за вклучување на Ромите. Ова е нивото каде исклучувањето е највидливо и каде се потребни практични чекори за вклучување. Главен предизвик за ефикасно спроведување на политиките за инклузија на Ромите на европско и национално ниво е големата разлика во разбирањето, капацитетите и политичката посветеност на општинско ниво. Со цел успешно вклучување на политиките за инклузија на Ромите во локалната агенда и буџети, од најголема важност е локалната администрација и институциите да го зголемат својот ангажман и посветеност и понатаму да ги развиваат своите капацитети. Сепак, практикувањето на доброто управување и локалната демократија, исто така, ќе зависат и од инвестицијата во капацитетот на ранливите ромски заедници за да бидат активни учесници и рамноправни партнери во процесот, а не пасивни приматели и цел на патерналистички интервенции кои можат да ја потврдат нивната зависност и исклученост.
ROMACTED е одговор на веќе утврдената потреба за посистемски пристап во стимулирање на процесите на промена во заедницата и вклучување на локалните чинители во конструктивен дијалог. Програмата се реализира во рамки на повеќегодишен процес, вклучувајќи различни засегнати страни на локално ниво. Програмата поддржува да се изгради политичка волја и одржливо политички ангажман на локалните власти, за да го зајакнат демократското локално владеење, да ги развијат капацитетите и да го стимулираат јакнењето на локалните ромски заедници, со цел тие да придонесат во изработката, спроведувањето и следењето на плановите и проектите што ги засегаат.
**Заедничкиот акциски план е производ на партиципативен работен циклус, во кој учествуваат членови на ромската заедница, вработените и носителите на одлуки.**
Процесот на развивање на заедничкиот акциски план за следи структурата на РОМАКТЕД методологијата низ неколку чекори. Во таа насока беа спроведени следните активности:

- ✓ **Назначување на општинска контакт точка за имплементација на програмата**, улогата на општинската контакт точка е да воспостави навремена комуникација со тимот за поддршка наROMACTED во согласност со подготовката на спроведувањето наактивностите.
- ✓ **Потпишување на Меморандум за соработка меѓу Општината, Советот на Европа и Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија**.Целта на меморандумот е да обезбеди рамка за соработка помеѓу потпишаните страни во поглед на имплементацијата на програмата ROMACTED Фаза II, која има за цел да промовира добро управување (владеење) и зајакнување на Ромите на локално ниво. Партнерите ги прифатија нивните респективни улоги и обврски, во согласност со соодветните законодавни/статутарни и стратешки рамки, се согласуваат да работат заедно во духот на партнерство и во поглед на принципите на Рамката на ЕУ за интеграција на Ромите, националните и локалните приоритети за социјална инклузија на Ромите и во поглед на принципите на Стратешката рамка на ЕУ за еднаквост, инклузија и учество на Ромите 2020 година-2030 година и на Стратешкиот акционен план за вклучување на Ромите и патувачите на Советот на Европа (2020година-2025година).

- ✓ **Формирана Акциска Група на заедницата** од страна на фацилитаторот, тоа е група која се состои од претставници на ромската етничка заедница кои сакаат активно да придонесат за подобрување на животот на ромското население.
- ✓ **Формирана Општинска Работна Група** од страна на општината во која како членови учествуваат и претставници од акциската група на заедницата и оваа група претставува основа за заедничка соработка и конструктивен дијалог меѓу двете страни.
- ✓ **Формирана Институционална работна група** од страна на општината во која учествуваат претставници на различни локални институции и на чии состаноци се разгледуваат институционалните мерки и активности кои произлегуваат од постоечки програми и активности, создавање на синергии со други засегнати страни и локални партнери, планирање и спроведување на одредени решенија за приоритетите на локалното ромско население.
- ✓ **Спроведена Проценка на потребите на заедницата** од страна на фацилитаторите на терен во 2021 година согласно која беа идентификувани проблемите со кои се соочува локалното Ромско население
- ✓ **Спроведена Проценка на капацитетите на општината** во 2022 година од страна на фацилитаторите согласно која се доби јасна слика за потребите на локалната администрација за соодветно да одговорат на потребите на заедницата
- ✓ **Утврдување на приоритетите на заедницата** од страна на фацилитаторите во 2022 година кои треба да бидат дел од заедничкиот акциски план. При одредувањето на приоритетите на заедницата беа земени во предвид и утврдените политики кои ги имаат општините за ромската етничка заедница со цел да се одредат и приоритизираат интервенциите кои ќе бидат вклучени во заедничкиот акциски план во насока на подобрување на условите и квалитетот на живот на Ромите во општините.
- ✓ **Одржани средби со општинската работна група, институционалната работна група и акциската група на заедницата** на кои беа дефинирани, дискутирани и разгледани активностите од Локалниот акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница за период од 2023 година до 2026 година.

Транзициониот период во Југоисточна Европа ја одбележа последната две децении како трансформација на еден систем во друг. Во тој поглед тој посебно се одрази на Балканот, а огромни влијанија се чуствуваа и во Република Северна Македонија. Сето ова создаде услови одредени региони да бидат повеќе запоставени,а одредени етнички заедници се доведат до самите маргини на општеството. Слична е состојбата и со Општина Делчево која важи за неразвиено подрачје,а во чиј склоп посебно отсокнува Старо Делчево каде е поголема концентрацијата на ромската етничка заедница и с.Тработивиште. Ромската етничка заедница во Општина Делчево е во висок степен интегрирана и не живее во гето.Таа многу се разликува од останата ромска етничка заедница во Република Северна Македонија и како таква има свои посебни специфики и потреби.

Општина Делчево е населено место кое се протега на површина од 423м2 и со надморска висина од околу 700 м.Се наоѓа на североисточниот дел на Република Северна Македонија сместена во котлината Пијанец и се протега по горниот тек на реката Брегалница.На југ се граничи со Општините Пехчево и Берово на запад со Општина Виница на северозапад со Општина Македонска Каменица а на исток и северо-исток со Република Бугарија.Просечната годишна температура изнесува 10,7 степени целузусови.
Вкупниот број на население во Општина Делчево е 13.585 жители(Попис во Република Северна Македонија 2021година) од кои 6.806 жители се мажи и 6779 се жени.
Според националната структура вкупно попишани Македонци се 13.099 жители од кои 7230 лица се мажи и 5170 лица се жени,Албанци се вкупно 27 жители од кои 5 лица се мажи и 22 лица се жени,Турци се 129 жители од кои 70 лица се мажи и 59 лица се жени,Роми се 499 жители од кои 254 лица се мажи и 245 лица се жени,Власи се 5 жители од кои 3 лица се мажи и 2 лица се жени,Срби се 11 жители од кои 6 лица се мажи и 5 лица се жени,Бошнаци се вкупно 2 жители од кои 1 лице е маж и 1 лице жена,Други неспомнати се 137 жители од кои 76 лица се мажи и 61 лице е жена,Не се изјасниле 3 жители од кои 2 лица се мажи и 1 лице жена и Непознато се вкупно 8 жители од кои 3 лица се мажи и 5 лица жени.
Според старосната структура под 19 години се 4.470 лица,од 19-60 години се 10.383 лица, над 60 години се 2.652 лица.
Според половата структура мажи се 8.977 лица и жени 8.528 лица.

Ромската етничка заедница е сконцентрирана во с.Тработивиште и Старо Делчево кои го сочинуваат Џамиска маала која ја сочинуваат улиците Солунска и дел од улицата Брегалничка,Каранфил маало во чиј состав се улиците Ванчо Прке и Мирче Ацев,Средна маала која се наоѓа на улица Маршал Тито,Пустевска маала која ја сочинуваат улиците Брегалничка и Илинденска, Паланечка маала во чиј состав е улицата Влаинска,Маџир маала која се протега од горниот дел на улицата Острец,Генерал Темпо,Плачковица и Маршал Тито,Стар расадник во чиј состав се улиците Мито Хаџи Василев Јасмин,Кузман Јосифовски Питу,Христијан Тодоровски Карпош,Видео Смилевски Бато,Грозданец,Борис Кидрич.

Во Општина Делчево, стапката на невработеност на ромската популација изнесува 9% од вкупниот број на невработени лица во Општина Делчево, пријавени во Центарот за вработување на Република Северна Македонија во Делчево (состојба од 30.05.2022 година).

Моменталната ситуација не е многу изменета поради високата стапка на внатрешната и надворешната миграција и нискиот наталитет кој ја карактеризира нашата општина и ја става во редот на општини во кои доминира постаро население.

Најголем дел од невработените лица , средствата за егзистенција ги обезбедуваат преку користење на социјална помош или преку самостоен приватен ангажман, голем дел се вработени претежно жените Ромки во текстилните производствени приватни фирми кои се лоцирани во градот како и еден производствен текстилен погон во с.Разловци каде што се вработуваат претежно жените Ромки од с.Тработивиште.

Со Оперативните програми за вработување и проектите кои се имплементираат од Владата на Република Северна Македонија како јавна политика која треба да ја намали стапката на невработеност се рефлектира и во ромската етничка заедница.

Исто така со имплементација на Рамковниот договор во делот за вработување на јавни и државни службеници,во Општина Делчево се вработени лица во институциите на локално и национално ниво.

Од ромска етничка заедница нема вработени лица во ПЕ на Фондот за здравство,Агенцијата за вработување,Центар Делчево, Регионалниот Центар за Управување со Кризи, ПЕ на Министерството за правда,ПЕ на Министерството за економија,Државна Агенција за Катастер на недвижности,Матична служба,ПЕ на Дирекцијата за заштита и спасување, ПЕ на Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство.

Според евиденцијата во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар Делчево заклучно со 31.05.2022 година вкупно се евидентирани 1264 лица активни баратели од кои вкупно се Роми 121 лице од кои 62 лица се мажи и 59 лица се жени,како пасивни баратели се вкупно 904 лица од кои 26 лица се Роми од кои 13 лица се мажи и 13 лица се жени.

Постои отсуство кај ромската етничка заедница на претприемачки дух(корисниците на правата преку Агенцијата за вработување се евидентираат само како корисниците на тие права без простор за размислување за сопствен ангажман во малиот и средниот бизнис.Експлотацијата и недоволно платениот труд создаваат дополнителна незаинтересираност).

Ромската етничка заедница во Делчево е интегрирана и не живее во посебна населба(гето).

Постои потреба за измена на Детален Урбанистички План(ДУП) на Делчево и ажурирање и интервенции на улиците на кои претежно живеат Ромите.

Потребата за измена и ажурирање на ДУП произлегува и од Законот за бесправно изградени објекти.

Сообраќајна,водоводната и канализационата инфраструктура речиси во најголем процент е изградена.На деловите од улиците Грозданец,Плачковица,Царевоселска е евидентирана потреба од изградба,доградба или реконструкција.

На повеќе места во градот(Манастирски ендек,Пустевски Ендек,Грозданец ендек,како и на влезот во Општина Делчево од М.Каменица (кај населените места Киселица и Очипала) и на излезот од Делчево кон Пехчево(Попов мост) постојат депонии кои имаат негативен ефект на здравјето на целокупното население кое живее во општината.

Собирањето на пластични шишиња,бакарни садови,железа(секундарни суровини) останува и понатаму можност за егзистенција за дел од ромското население.

Образовното ниво и здравствениот статус на Ромите во Делчево одсекогаш биле подобри во споредба со другите општини иако и на тоа поле има уште да се работи за да се постигне целосна интеграција. Иако мора да се напомене дека генералниот проблем со новите образовни програми влијае на квалитетот на образование на сите деца како и на децата Роми.

Миграцијата е дополнителен проблем со кој се соочуваат Ромите во Делчево, мигрирањето во други држави и потоа враќањето назад влијае значително на успехот на децата.

Дополнителен проблем во делот на образование е недостигот на места во градинките за сите деца, голем број на деца Роми се на листите на чекање.

Не помала пречка за вклучувањето на ромските деца во образованието е и нереалното декларирање на образованието како бесплатно.

Постои и потреба од подобрувањето на успехот и редовноста кај учениците Роми во основното и средното образование.

Бројот на запишани ученици во високообразовните установи е подобрен во однос на претходниот период.Сепак сеуште многу мал број Роми се одлучуваат да студираат.

Потребно е мотивирање на Ромите за студирање со доделување на степендии,кредити со поддршка кои би биле директно обезбедени од Министерство за образование и наука. Овде како проблеми се јавуваат и дисконтинуитетот на програмите за степендирање како и непостоењето на стандазираните критериуми за доделување на степендии.

Проблеми поврзани со високото образование се долгото студирањекако и се почестото напуштање на студиите.

Во последните десет(10) години се зголеми бројот на полнолетни Роми кои го докомплетирале своето основно и средно образование.Се работи за лица кои започнале да учат во основни и средни училишта,го прекинале школувањето и не го завршиле.Сепак постои потреба за иницијатива и поддршка на Ромите да го комплетираат своето образование бидејќи без тоа не се во состојба да се вклучат на пазараот на труд и да си обезбедат сигурна егзистенција.

Во делот на здравството како најголем проблем кој не се однесува специфично само за Ромската заедница е недостатокот од нов соодветен медицински кадар и услови за дијагностицирање и третман на пациентите.

Во учебната 2021/2022 година во ОЈУДетска градинка "Весели Цветови" Делчево запишани се вкупно 310 деца од кои на возраст до 3 години вкупно 97 деца од кои 47 се машки и 50 деца се женски,на возраст од 3 години до 6 години се вкупно 213 деца од кои 109 се машки деца и 104 се женски деца,од ромска етничка заедница се вкупно 15 деца на возраст од 0 години до 6 години од кои 9 машки деца и 6 женски деца.

Во учебната 2021/2022 година во ООУ"Св.Климент Охридски"Делчево се вкупно 507 ученици од кои 246 ученици се од машки пол и 261 ученик од женски пол, од ромска етничка заедница се вкупно 21 ученик од кои 12машки ученици и 9 женски ученици.

Во учебната 2021/2022 година во ООУ"Ванчо Прке"Делчево се вкупно 501 ученик од кои 253 ученици се од машки пол и 248 ученици се од женски пол,од ромска етничка заедница се вкупно 53 ученици од кои 29 се од машки пол и 24 женски пол.

Во учебната 2021/2022 година во СОУ"Методи Митевски Брицо"Делчево се вкупно 413 ученици од кои 197 ученици се од машки пол и 216 ученици се од женски пол,од ромска етничка заедница се вкупно 27 ученици од кои 15 ученици се од машки пол и 12 ученици се женски пол.

Како докумени кои се изработени и директно ја таргетираат ромската етничка заедница од страна на Општина Делчево се:
*Локалниот Акционен План за имплеметација на Декадата на Ромите во општина Делчево се базира на двете јавни политики за Ромите кои се спроведуваа во Република Македонија и тоа:Декада за вклучување на Ромите 2005година-2015година,како регионална политика прифатена од Владата на Република Македонија и националната Стратегија за Роми 2014 година-2020 година,како државна јавна политика изработена од страна на Владата на Република Македонија и кој има поддршка од страна на Собранието на Република Македонија.
*Локалната Самоуправа-Делчево во 2008 година на иницијатива и со поддршка на НВО"КХАМ" од Делчево го подготви и усвои првиот Локален акционен План(ЛАП) за имплементација на Декадата на Ромите во Општина Делчево.Временската рамка за имплементацијата на овој документ се однесуваше на период 2009 година до 2012 година, со што се наметна потреба од негово ревидирање за период 2012 година до 2015 година.*Од страна на НВО"ТЕРНИПЕМК" Делчево во 2015 година, се ревидира Локалниот акционен план за образование кој се однесува на временска рамка за имплементација 2015 година -2020 година.Овој план е вклучен во делот Локален акционен план за образование кој се однесува за период 2017 година до 2020 година.*Од страна на Министертсво за труд и социјална политика на Република Македонија и

ЕПТИСА конзорзцумот се изработени Локалните акциони планови се областите за вработување,домување,образование и здравство кои се однесуваат за период 2017 година до 2020 година и се усвоени од страна на Општина Делчево како официјални документи.
Како докумени кои се изработени(секоја година и се донесуваат на Совет на Општина Делчево) и кои индиректно ја таргетираат ромската заедница од страна на Општина Делчево се:
*Програма за одбележување на културни манифестации;
*Програма за уредување на градежно земјиште;
*Програма за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Делчево;
*Програма за јавни работи,
*Програма за превенција,заштита и спасување;
*Програма за социјална заштита на Општина Делчево;
*Програма за родова рамноправност на жените и мажите на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности;
*Годишна програма за изработка на детални урбанистички планови;
*Стратегија за локален економски развој за период 2021 година до 2026 година;
*Стратегија за климатски промени за период 2021 година до 2026 година;
*Стратегија за соработка со граѓански организации;
*Акциски план за заштита од поплави;

Општина Делчево за приоритети на ромската етничка заедница за 2021 година има исплатено вкупно 2.378.000,00 денари од кои 1.1991.000,00 денари за социјална заштита и 387.000,00 денари за изградба на улици. За 2022 година во Буџетот на Општина Делчево се предвидени 4.400.000,00 денари од кои 1.900.000,00 за социјална заштита и 2.500.000,00 денари за изградба на улици.

Важни податоци за Општината:

| Вкупен број на Роми жители на општината | | Населби во кои живеат Ромите | Вработени Роми по институции | Број на деца Роми вклучени во градинки за последна учебна година 2021/2022 | | Број на деца Роми запишани во основно училиште во последна учебна година 2021/2022 | | Број на деца Роми запишани во средни училишта во последна учебна година 2021/2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 499 лица | | Ромската етничка заедница е сконцентрирана во с.Тработивиште и Старо Делчево кои го сочинуваат Џамиска маала која ја сочинуваат улиците Солунска и дел од улицата Брегалничка Карафил маало во чиј | ОЈУДГ“Весели Цветови“Делчево-2 лица Роми<br>1 женски<br>1 машки<br>ЈПКД“Брегалница“Делчево-5 лица Роми<br>1 женски<br>4 машки<br>СОУ“М.М.Брицо“Делчево 1 лице Роми<br>1 женски<br>0 машки<br>Општина Делчево<br>1 женски<br>0 машки | 15 лица | | 74 лица | | 27 лица | |
| Жени | Мажи | | | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки |
| 245 лица | 254 лица | | | 6 лица | 9 лица | 33 лица | 41 лица | 12 лица | 15 лица |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | состав се улиците Ванчо Прке и Мирче Ацев,Средна маала која се наоѓа на улица Маршал Тито,Пустевска маала која ја сочинуваат улиците Брегалничка Илинденска, Паланечка маала во чиј состав е улицата Влаинска,Маџир маала која се протега од горниот дел на улицата Острец, Генерал Темпо Плачковица и Маршал Тито, Стар Расадник во чиј состав се улиците Мито Хаџи Василев Јасмин, Кузман Јосифовски Питу, Христијан Тодоровски Карпош, Видео Смилевски Бато, Грозданец, Борис Кидрич | | | | | | | |

| | Вкупен број на членови | | | Вкупен број на млади |
|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | |
| Членови на Акциска Група на заедница | 20 лица | 8 лица | 12 лица | 12 лица |
| Членови на Институционална работна група | 20 лица | 9 лица | 11 лица | 8 лица |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Членови на Општинска Работна група | 12 лица | 3 лица | 9 лица | 5 лица |

| | Број на состаноци одржани со заедницата | Број на лица кои учествувале на средбите | | Број на утврдени приоритети | Број на млади кои учествувале на состанокот |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Жени | Мажи | | |
| Утврдување на приоритетите на заедницата Drafting the Community Priority Lis | 2 состаноци | 15 лица | 8 лица | 3 приоритети | 12 лица |
| | Број на состаноци одржани со Општинската работна група | Број на лица кои учествувале на средбите | | Број на утврдени акции во заедничкиот акциски план | Број на млади кои учествувале на состаноците за Заедничкиот акциски план |
| | | Жени | Мажи | | |
| Заеднички акциски план / Joint Action Plan | 2 состаноци | 7 лица | 8 лица | 4 акции | 15 лица |

***Планирани цели и резултати на заедничкиот локалниот акциски план(ЗЛАП)**

*****Урбанизам,домување,основни услуги*****

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 1 | Подобрување на условите за учење на 17 ученици Роми од прво до деветто одделение во ПОУ Св.Климент Охридски с.Трaботивиште | Реконструирани 2 училници со поставување на електрична, водоводна и канализациона мрежа, молеро фарбачки работи,поставување на под од ламинат и замена на врати и прозори и нивно опремување со училишни клупи,шкафчиња | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година<br>*Развоен план на ООУ"Св. Климент Охридски" Делчево;<br>*Годишна програма за работа на ООУ"Св. Климент Охридски" Делчево | *Општина Делчево<br><br>*ООУ"Св. Климент Охридски" Делчево<br><br>*Министерство за образование на РСМ | Јануари 2023 година Август 2024 година | 436.210,00 МКД | *Совет на Европа и Европска Комисија/ РОМАКТЕД<br><br>*Буџет на Општина Делчево<br><br>*Буџет на ООУ"Св.Климент Охридски" Делчево | *Реновирани 2 училници Поставени 2 врати<br>*Поставени 4 прозорци<br>*Поставени 2 лавабоа за миење на раце<br>*Поставен под од ламинат во 2 училници | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 2 | Реконструкција на улица “Ванчо Прке“ во Делчево со стационажа од км0+000,00 до км 0+223,62 | Асфалтирана улица во должина од 223,62 метри | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година *Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските улици во Општина Делчево | *Буџет на Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | Јануари 2023 година Август 2023 година | 2.631.624, 00МКД | *Општина Делчево *1.203.577, 00 МКД *Министерство за транспорт и врски на РСМ *1.428.074, 00 МКД | *Поставен асфалт на улица “Ванчо Прке“Делчево со стационажа од км0+000,00 до км 0+223,62 | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 3 | Реконструкција на улица "Царевоселска" во Општина Делчево во должина од 220 метри должни. | Реконструира на улица во должина од 220 метри Регулација на атмосферската вода | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година *Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските улици во Општина Делчево | *Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | Јануари 2023 година Декември 2026 година | 3.900.00,00 МКД | *Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | *Реконструира на улица Царевоселска со поставен асфалт,водоводна,канализациона мрежа | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 4 | Реконструкција на улица “Плачковица во Општина Делчево во должина од 390 метри должни | Реконструира на улица во должина од 390 метри | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година<br>*Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските улици во Општина Делчево | *Општина Делчево<br>*Министерство за транспорт и врски на РСМ | Јануари 2023 година<br>Декември 2026 година | 4.500.00,00 МКД | *Општина Делчево<br>*Министерство за транспорт и врски на РСМ | *Реконструира на улица Плачковица со поставен асфалт | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 5 | Реконструкција на улица "Острец во Општина Делчево во должина од 630 метри должни | Реконструира на улица во должина од 630 метри | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година<br>*Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските улици во Општина Делчево | *Општина Делчево<br>*Министерство за транспорт и врски на РСМ | Јануари 2023 година<br>Декември 2026 година | 7.500.00,00 МКД | *Општина Делчево<br>*Министерство за транспорт и врски на РСМ | *Реконструира на улица Острец со поставен асфалт | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 6 | Изградба на потпорен зид на улица "Острец во Општина Делчево во должина од 33 метри должни | Изграден поптпорен зид на улица Острец во должина од 33 метри | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година *Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските улици во Општина Делчево | *Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | Јануари 2023 година Декември 2026 година | 1.500.00,00 МКД | *Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | *Изграден потпорен зид на ул.Острец во Делчево со должина од 33 метри должни | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

| Бр. No. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Очекувани Резултати Expected Results | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции Responsible Institutions | Временска рамка (од-до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 7 | Реконструкција на на улица "Солунска" во Општина Делчево во должина од 480 метри должни | Реконструира на улица Солунска во должина од 480 метри должни | *Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево за 2021 година до 2025 година *Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските улици во Општина Делчево | *Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | Јануари 2023 година Декември 2026 година | 8.700.00,00 МКД | *Општина Делчево *Министерство за транспорт и врски на РСМ | *Реконструира на ул.Солунска во Делчево со должина од 480 метри должни | Фотографии Наративен и финасиски извештај |

